FECH
Forum for Educational Change

*Supported by*
EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY




# ПЛАТИТЕ И ДОДАТОЦИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО СЕ РЕГУЛИРААТ?

**ИЗДАВАЧ:**
Форум за образовни промени,  Ул. Илинденска бр. 87/13
Тетово, Северна Македонија

Fech.mk@gmail.com
Ardit.ramadanni@gmail.com

**АВТОР & УРЕДНИК:**
Ардит Рамадани

**ПРЕВЕДУВАЧ:**
Бард Зејнели

**ДИЗАЈН:**
Рина Абдулаи

**ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ:**
2025

# СОДРЖИНА

01 ВОВЕД 4

02 МЕТОДОЛОГИЈА 5

03 ПРАВНА РАМКА 6

04 АНАЛИЗА 7

05 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 19

# 01 Вовед

Јавните и во Северна Македонија функционираат со финансиски средства кои годишно ги издвојува Министерството за образование и наука, како и со финансиски средства кои ги генерираат самите тие, преку плаќање на семестарите и разни други услуги што ги нудат, што се регулирани со Законот за високо образование.

Само во последните четири години, Владата на Северна Македонија издвои 18,5 милијарди денари собрани од даночните обврзници за финансирање на јавни и јавно-приватни универзитети. Според ова, јавните универзитети се институции кои речиси целосно се финансираат од парите на граѓаните и како такви, паднаа под лупата на Форумот за образовни промени за да се види колку од овие средства одат за студентите, а колку за платите на академскиот кадар.

Академскиот и менаџерскиот кадар на јавните универзитети ги имаат едни од највисоките плати и додатоци во јавниот сектор. Академскиот кадар ја добива основната плата од Министерството за образование и наука. Висината на платата се базира на коефициентот утврден претходно од Владата на Северна Македонија, преку последниот Колективен договор, кој е потпишан во 2023 година и е инкорпориран во Законот за високо образование. Сепак, основната плата не е конечна, бидејќи некои универзитети доделуваат и дополнителни додатоци за академскиот кадар, во зависност од академската титула. Тие исто така имаат право да добијат дополнителни надоместоци за учество во различни комисии, менторства и слични активности.

Како раководство на универзитетот или академски менаџерски кадар обично се нарекуваат ректорите, проректорите, деканите и продеканите на факултетите. Покрај платата, имањето раководна позиција на јавен универзитет во Северна Македонија носи многу други придобивки. Затоа, ако се погледне историјата на ректорите низ годините на јавните и на јавно-приватните универзитети, ќе се види дека голем дел од ректорите тешко ја напуштаат ректорската функција, па обезбедуваат за себе од 2-3 мандати на оваа позиција.

Високото образование во Северна Македонија не е бесплатно, па така студентите плаќаат разни трошоци за секој семестар. И покрај ова, финансиската транспарентност на јавните и јавно-приватните универзитети остава многу да се посакува. Оттука, проценивме дека е потребно да се истражува како се доделуваат платите и надоместоците за раководните кадри на универзитетите, колку се овие надоместоци и кој ги одредува.

# 02 Методологија

Истражувањето е спроведено целосно врз основа на анализа на закони, прописи, колективни договори и други потребни документи. Поради ниското ниво на транспарентност, повеќето од потребните документи не се објавени на веб-страниците на универзитетите.

За да се обезбедат сите потребни документи, до универзитетите и другите институции кои поседуваат информации, испративме вкупно 20 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Освен Универзитетот во Тетово, другите универзитети и институции соработуваа, со навремено испраќање на потребните одговори.

Истражувачот за наставниот кадар пресметал само основна нето плата, без додатоците за стаж што изнесуваат 0,5% за секоја завршена година, а најмногу до 20%, како и надоместоци за учество во комисии, менторства и слично. Од друга страна, за пресметка на месечните нето приходи на ректорите, истражувачот ги вклучил и функционалните додатоци, кои се исплаќаат од сопствените средства на универзитетот.

За да го спроведеме ова истражување, користевме и ресурси достапни на интернет, како што е веб-страницата на Државната антикорупциска комисија за пријавување на имотот на избраните или именуваните јавни функционери. Нагласуваме дека најголемиот дел од документите издадени од надлежните институции биле само на македонски јазик.

Во спроведувањето на ова истражување, авторот главно се базирал во Законот за високото образование, Законот за вработените во јавниот сектор, Колективните договори потпишани од синдикатите со Владата на Северна Македонија, како и Статутите на јавните и јавно-приватните универзитети.

Повеќето универзитети во Северна Македонија се интегрирани. Затоа, требаше да бараме информации само од службеното лице ангажирано да одговара на прашања од јавен карактер.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ не се интегрирани, имено секој факултет на овие универзитети има свој кадар и сам одлучува за себе. Поради оваа причина, истражувачот требаше да испраќа барања за пристап до информации од јавен карактер до секој факултет посебно.

Истражувачот наиде на потешкотии при добивање информации од Универзитетот во Тетово. Поради недавање информации во законски предвидениот рок (20 работни дена), поднесовме жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер против Универзитетот во Тетово и го добивме предметот.

# 03 Правна Рамка

## Законот за високо образование

Коефициентот на платата на академскиот и административниот кадар се утврдува во Законот за високото образование. Овој коефициент, чија табела ќе ја ставиме подолу во истражувањето, се множи со минималната бруто плата во земјава и на тој начин произлегува основната плата што државата ја доделува на академскиот и административниот кадар на универзитетите, без да се земат во предвид надоместоците.

Законот за високо образование, исто така ги дефинира и должностите, овластувањата и мандатот на ректорот и наведува дека тој или таа потпишува договор со Сенатот на универзитетот. Договорот исто така предвидува дека ректорот не смее да троши повеќе од 30 проценти од своето време за предавање.

Овој закон предвидува и дека правата и обврските на ректорите и деканите се регулираат и со колективни договори кои се потпишат од синдикатите и Владата на Северна Македонија.

## Статутите на универзитетите

Начинот на избор на ректорите, нивните надлежности и работа се определуваат со интерните документи на универзитетите. Најважниот документ за функционирање на еден универзитет е несомнено Статутот.

Статутот, исто така го регулира колку ќе трае мандатот на ректорот, како и сите негови или нејзини овластувања. Дополнително, со Статутот се уредува и начинот како може да му престане мандатот на ректорот, на деканот или на друг академски и раководен кадар во рамките на универзитетот.

Статутот го дефинира и начинот на работа на сите тела во рамките на универзитетот, што е многу важно за ова истражување бидејќи тие се тела кои го одредуваат степенот на функционалните додатоци на академскиот и раководниот кадар во рамките на универзитетот.

## Колективниот договор

Колективниот договор првично беше потпишан само од синдикатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со Владата на Северна Македонија, но по реакцијата на другите јавни универзитети, овој договор беше инкорпориран во Законот за високо образование и се однесува на сите универзитети. Договорот ги вклучува сите вработени во јавниот сектор, вклучително и академскиот и раководниот кадар на универзитетите.

Според член 133, во Колективниот договор се вклучени и ректорите, но потребен е дополнителен договор со Сенатот на универзитетот за да се одлучи за надоместок или други финансиски надоместоци.

## Накратко:

Платите и другите надоместоци на академскиот и раководниот кадар на универзитетите се комбинација на правни параметри, колективни договори и автономни одлуки донесени од самиот универзитет. Затоа, авторот на истражувањето, својот заклучок го заснова на сите овие документи.

# 04 Анализа

## Колку и како се издвојуваат средствата за академскиот кадар од државниот буџет?

Основните плати на вработените на државните универзитети во Северна Македонија се регулирани со Законот за високо образование, неодамна изменет поради Колективниот договор.

Подолу ќе забележиме некои од најважните членови од Законот за високо образование кои се однесуваат на регулирање на платите на вработените на државните универзитети.

Во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место, платата на вработените во јавните високообразовни установи се исплаќа од средства на буџетската сметка и од средства од лични приходи, доколку единицата и Централната стручна и административна служба - Ректоратот остваруваат приходи.

Од личниот доход, делот од платата се определува со договор за вработување или анекс, во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

**Основната плата на работникот се состои од:**

- Минималната плата
- Додатокот на плата за звање/назив, и
- Додатокот на плата за работен стаж

Според тоа, основната плата (без надоместоци) на вработените на државните универзитети во Северна Македонија ја покрива Министерството за образование и наука. Затоа, најголемиот дел од буџетот што ова министерство го издвојува за универзитетите е наменет за плати.

Во Северна Македонија, во последните четири години, од државниот буџет се издвоени 18,5 милијарди денари за девет јавни универзитети и за еден јавно-приватен универзитет. Најголем дел од парите се дадени на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во 2025 година има зголемување на буџетот за универзитетите. Ова е резултат на Колективниот договор со кој се покачија коефициентите, односно се зголемија платите за сите вработени во високообразовните институции во земјава.

| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
|---|---|---|---|---|
| УКИМ | 1,583,740,000 | 2,140,447,551 | 3,046,339,000 | 3,693,890,000 |
| УКЛО | 323,150,000 | 389,366,809 | 547,779,000 | 701,040,000 |
| УТ | 390,370,000 | 486,034,000 | 690,827,000 | 849,820,000 |
| УГД | 326,400,000 | 421,468,000 | 583,792,000 | 711,050,000 |
| УМТ | 253,500,000 | 307,834,742 | 186,902,000 | 370,675,000 |
| УИНТ | 27,400,000 | 29,356,000 | 41,821,000 | 53,050,000 |
| Вкупно | 2,904,560,000 | 3,774,507,102 | 5,097,460,000 | 6,379,525,000 |
| Православен Богословски факултет | 16,000,000 | 16,000,000 | 14,400,000 | 14,400,000 |
| Факултет за исламски науки | 8,000,000 | 8,000,000 | 7,200,000 | 7,200,000 |
| Југоисточна Европа | 60,000,000 | 60,000,000 | 75,000,000 | 75,000,000 |

Во продолжение е прикажана распределбата на средствата од Министерството за образование и наука на гореспоменатите универзитети, по години:

- 2022 година – 2,98 милијарди денари
- 2023 година – 3,86 милијарди денари
- 2024 година – 5,19 милијарди денари
- 2025 година – 6,47 милијарди денари

## Коефициентот за исплата на плата на вработените во јавните високообразовни установи од буџетска сметка

Основната плата (од државниот буџет) на вработениот со полно работно време се утврдува на тој начин што износот на минималната плата во Република Северна Македонија, утврдена согласно со закон, се множи со коефициентот по звањето на работното место.



# Табела на коефициенти врз основа на звање/назив

| Ниво | Назив/звање на работното место | Коефициенти |
|---|---|---|
| I. НАСТАВЕН КАДАР | | 2025 година |
| А1 | Редовен професор | 4.4 |
| А2 | Вонреден професор | 4.0 |
| А3 | Доцент | 3.6 |
| А1 | Научен советник | 4.4 |
| А2 | Виш научен соработник | 4.0 |
| А3 | Научен соработник | 3.6 |
| | Виш лектор | 2.8 |
| | Лектор | 2.2 |
| | Асистент, асистент истражувач | 2.7 |
| | Уметнички соработник | 2.5 |
| | стручен соработник: лаборант и сл. | 1.6 |
| А3 | Професор на висока стручна школа | 3.6 |
| А5 | Виш предавач на висока стручна школа | 3.6 |
| А6 | Предавач на висока стручна школа | 2.8 |

| Ниво | Назив/звање на работното место | Коефициенти |
|---|---|---|
| II. НЕНАСТАВЕН КАДАР | | 2025 година |
| А1 | Генерален секретар на Универзитетот | 4.0 |
| А2 | Секретар на факултет/институт/ единици во состав на Универзитетот | 3.6 |
| Б1 | Советник на ректорот | 2.8 |
| Б2 | Раководител на сектор | 2.9 |
| Б4 | Раководител на одделение | 2.7 |
| В1 | Советник | 2.3 |
| В2 | Виш соработник | 2.1 |
| В3 | Соработник | 2.0 |
| В4 | Помлад соработник | 1.9 |
| Г1 | Самостоен референт/технички секретар/информатичар | 1.7 |
| Г2 | Виш референт | 1.6 |
| Г3 | Референт | 1.5 |
| Г4 | Помлад референт | 1.4 |

Висината на минималната плата во земјава е клучна при утврдувањето на основната плата на вработените во високообразовните институции. Во времето кога се спроведуваше ова истражување, минималната плата во Северна Македонија беше: **36.037 денари.**

Табели со основните нето плати на наставниот и ненаставниот кадар на јавните универзитети во Северна Македонија, издвоени од Министерството за образование и наука. Овие не се конечните плати бидејќи не е пресметан додатокот за минат труд, додатоците од сопствени средства на универзитетите или други надоместоци, уредени со закон и колективен договор.

## Табела на основна нето плата (од државниот буџет) на наставниот кадар

| | |
|---|---|
| Редовен професор | 103.775 денари / 1.689 евра |
| Вонреден професор | 94.434 денари / 1.537 евра |
| Доцент | 85.093 денари / 1.385 евра |
| Научен советник | 103.775 денари / 1.689 евра |
| Виш научен соработник | 94.434 денари / 1.537 евра |
| Научен соработник | 85.093 денари / 1.385 евра |
| Виш лектор | 66.411 денари / 1.081 евра |
| Лектор | 52.402 денари / 853 евра |
| Асистент, асистент истражувач | 64.077 денари / 1.043 евра |
| Уметнички соработник | 59.407 денари / 967 евра |
| Висок соработник: лаборант и сл. | 32.785 денари / 533 евра |
| Виш предавач на висока стручна школа | 85.093 денари / 1.385 евра |
| Предавач на висока стручна школа | 66.411 денари / 1.081 евра |

+ надомест за пракса и универзитетски надоместок



Табела на основна нето плата (од државниот буџет) на ненаставниот кадар

| | |
|---|---|
| Генерален секретар на Универзитетот | 94.434 денари / 1.537 евра |
| Секретар на факултет/институт/единици во состав на Универзитетот | 85.093 денари / 1.385 евра |
| Советник на ректорот | 66.411 денари / 1.081 евра |
| Раководител на сектор | 68.747 денари / 1.119 евра |
| Раководител на одделение | 64.077 денари / 1.043 евра |
| Советник | 54.737 денари / 891 евра |
| Виш соработник | 50.066 денари / 815 евра |
| Соработник | 47.731 денари / 777 евра |
| Помлад соработник | 45.396 денари / 739 евра |
| Самостоен референт/технички секретар/информатичар | 40.725 денари / 663 евра |
| Виш референт | 38.390 денари / 625 евра |
| Референт | 36.055 денари / 587 евра |
| Помлад референт | 36.055 денари / 587 евра |



# Додатоци што се доделуваат од сопствени средства на универзитетите

## Додаток на плата по назив/звање

Некои јавни и јавно-приватни универзитети во Северна Македонија обезбедуваат додатоци на плата за академскиот кадар, во зависност од називот или звањето кое го имаат овие вработени.

## Додаток на плата врз основа на успехот

Основната плата на вработениот врз основа на успехот на работа и резултатите прикажани во текот на месецот може да се зголеми до 30%. Износот на финансиските средства што му се дадени на вработениот поради покажаниот успех, универзитетот го плаќа со сопствени средства.

## Додаток на плата врз основа на работното

Основната плата на работникот се зголемува по час за:

- Прекувремена работа;
- Работа ноќе;
- Работа во три смени;
- Работа за време на празничната недела;
- Работа за време на празници утврдени со закон.

## Додаток на плата за вработените на Медицинскиот факултет

На медицинските работници и медицинските соработници вработени со полно работно време како наставен кадар во високообразовна установа, кои покрај ова вршат и медицински работи, основната плата им се исплаќа од средствата од основниот буџет на Министерството за образование и наука според коефициентот утврден во Колективниот договор, како и од сопствени средства од вршење на медицински работи.

Ненаставниот кадар има право на додаток на плата за здобивање на научен степен за:

- Магистер на науки – со коефициент 0.2;
- Доктор на науки – со коефициент 0.4.

Овие додатоци се плаќаат со сопствени средства на универзитетот.

## Додаток на плата пред пензионирање

Вработениот кој е на пет години од исполнување на предусловот за пензионирање, со одлука на Ректорат/Факултет, може да има право на додаток на основната плата за 15%. Ова се покрива од сопствените средства на универзитетот.

Најголем дел од горенаведените додатоци се преземени од Колективниот договор потпишан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со Владата на Северна Македонија. Нагласуваме дека висината и начинот на регулирање на голем дел од овие додатоци, универзитетите ги регулираат самостојно. Бидејќи повеќето универзитети, овие додатоци ги регулираат поинаку, нема да даваме бројки за додатоците за наставниот кадар на високообразовните институции.

# Функционални додатоци

Ректорот, проректорот, деканот/директорот и продеканот/заменик директорот имаат право на функционални додатоци.

Висината на функционалниот додаток ја одредуваат органите на самите универзитети. Според тоа, се поставуваат одредени коефициенти кои потоа се множат со минималната плата.

Сите универзитети ги регулираат функционалните додатоци на различни начини. Подолу ќе ги наведеме износите на функционалните додатоци врз основа на одговорите што ги добивме од универзитетите. Не сите одговори се целосни.

## Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“

### Ректорот

Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се плаќа со буџетски средства што ги издвојува државата, според коефициентот за редовни професори наведен во Колективниот договор.
Покрај фиксната плата, ректорот има право и на функционален додаток, чиј износ е утврден со одлука на Сенатот во 2021 година.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК:
100.000 ДЕНАРИ НЕТО

Месечна основа:
203.775 ДЕНАРИ НЕТО
+ додаток за работен стаж и други.

3.313 ЕВРА НЕТО

### Додаток за позицијата на декан

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ не е интегриран, така што нема одредена сума на функционален додаток кој сите декани го добиваат исто. Висината на додатоците ја одредуваат органите во рамките на самите факултети па истите се различни. Функционалните додатоци за местото декан на овој универзитет се движат од 20 илјади денари бруто до 40 илјади денари бруто. Дополнително, деканите на соодветните факултети се платени од државниот буџет како редовни професори.



# Универзитетот во Тетово

## Ректорот

Ректорот на Универзитетот во Тетово се плаќа со буџетски средства што ги издвојува државата, според коефициентот за редовни професори утврден во Колективниот договор. Покрај фиксната плата, ректорот има право и на функционален додаток, чија висина ја одредува самиот универзитет.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК:
91.209 ДЕНАРИ НЕТО

**Месечна основа:**
**194.984 ДЕНАРИ НЕТО**
+ додаток за работен стаж и други.

3.170 ЕВРА НЕТО

## Додаток за позицијата на декан

Универзитетот во Тетово е интегрирана високообразовна институција каде што факултетите не се правни лица и средствата за функционални додатоци за раководниот персонал се исплаќаат согласно Колективниот договор и други акти од Буџетот на РСМ или од сопствени средства врз основа на Буџетот на Министерството за образование и наука и годишните планови одобрени од Сенатот на Универзитетот.

**Функционалниот додаток за декани е во бруто вредност од: 37.430 денари.**




Само 11% од персоналниот данок е одбиен од функционалниот додаток на ректорот.

# Универзитетот „Св. Климент Охридски“

## Ректорот

Ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ се плаќа со буџетски средства што ги издвојува државата, според коефициентот за редовни професори утврден во Колективниот договор. Покрај фиксната плата, ректорот има право и на функционален додаток, чија висина ја одредува самиот универзитет. На овој универзитет, функционалниот додаток за Ректорот не е фиксен, туку се утврдува врз основа на тоа колку е бруто платата на еден редовен професор.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК:
141.059 ДЕНАРИ НЕТО

**Месечна основа:**
**244.834 ДЕНАРИ НЕТО**
+ додаток за работен стаж и други.

3.973 ЕВРА НЕТО

## Додаток за позицијата на декан

Секој факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ ги регулира сопствените права и обврски, бидејќи овој универзитет не е интегриран. Поради оваа причина, има факултети каде деканите земаат плата само од буџетски средства, а има факултети каде што може да се исплаќаат и со државни средства и со други додатоци од сопствени средства на факултетот, па затоа, платите на деканите се разликуваат.

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ не е интегриран, така што нема одредена сума на функционален додаток кој сите декани го добиваат исто. Висината на додатоците ја одредуваат органите во рамките на самите факултети па истите се различни.

Функционалните додатоци за местото декан на овој универзитет се движат од 50 илјади денари бруто до 102 илјади денари нето. Дополнително, деканите на соодветните факултети се платени од државниот буџет како редовни професори.



На ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ на функционалниот додаток не му се плаќаат придонеси, а во наведениот износ е одземен само персоналниот данок.

# Универзитетот„Мајка Тереза"

## Ректорот

Ректорот на Универзитетот„Мајка Тереза" се плаќа со буџетски средства што ги издвојува државата, според коефициентот за редовни професори утврден во Законот за високо образование. Покрај фиксната плата, ректорот има право и на функционален додаток, чија висина ја одредува самиот универзитет.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК:
52.207 ДЕНАРИ НЕТО

**Месечна основа:**
**155.982 ДЕНАРИ НЕТО**
+ додаток за работен стаж и други.

2.536 ЕВРА НЕТО

## Додаток за позицијата на декан

Универзитетот„Мајка Тереза" е интегрирана високообразовна институција каде што факултетите не се правни лица и средствата за функционални додатоци за раководни лица се исплаќаат согласно Колективниот договор и други акти од Буџетот на РСМ или од сопствени ресурси врз основа на Буџетот на Министерството за образование и наука и годишните планови одобрени од Сенатот на Универзитетот.

**Функционалниот додаток за деканите е: 15.121 денари**



# Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип

## Ректорот

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ се плаќа со буџетски средства што ги издвојува државата, според коефициентот за редовни професори утврден во Колективниот договор. Покрај фиксната плата, ректорот има право и на функционален додаток, чија висина ја одредува самиот универзитет.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК:
32.983 ДЕНАРИ НЕТО

**Месечна основа:**
**136.758 ДЕНАРИ НЕТО**
+ додаток за работен стаж и други.

2.223 ЕВРА НЕТО

Додаток за позицијата декан е: **10.106** денари



# Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ)

Ректорот

Платата на ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа е фиксна и тоа:
211.252 ДЕНАРИ НЕТО
+ додаток за работен стаж и други.

ФУНКЦИОНАЛНИОТ ДОДАТОК за позицијата на декан е:
30.750 ДЕНАРИ НЕТО

3.434 ЕВРА НЕТО



## ЗАКЛУЧОЦИ

- Ректорите на некои државни универзитети се најплатените луѓе во државата;
- Поголемиот дел од буџетот што државата го издвојува за државните универзитети оди за плати;
- Платите на академскиот кадар постојано се зголемуваат;
- Ниту еден универзитет ги нема објавено решенијата за функционалните додатоци во нивните веб-страници.

## ПРЕПОРАКИ

- Функционалниот додаток за позицијата ректор не треба да биде повисок од основната плата на редовен професор;
- Функционалните додатоци треба да бидат во согласност со позицијата на универзитетот во меѓународните рангирања;
- Додатоци за академскиот кадар се непотребни, платите се доволно високи, а универзитетите во земјава немаат капацитет да ги покријат сите;
- Универзитетите треба да го објават на своите веб-страници Правилникот за исплата на плати, надоместоци и додатоци на плата за вработените во универзитетите.